Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. 02-110/23
________________
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 442-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 22-ри Мај 2023 година**

Седницата се одржа на ден: 22.05.2023, понеделник во 10:25 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, претседател;
- **м-р Селим Адеми**, заменик претседател;
- **Мирјана Радевска Стефкова**, член;
- **Ханиф Зендели**, член;
- **Зоран Герасимовски**, член;
- **Мери Радевска**, член;
- **Лорета Горгиева**, член;
- **Ивица Николовски**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **Весна Дамева**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член.

Оправдано отсутни членови:

- **Павлина Црвенковска**, член *(користи годишен одмор)*;
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд *(уредно поканета)*;
- **Кренар Лога**, министер за правда *(уредно поканет)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секретар;
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник.

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Согласно чл.8 ст.1 од Законот за Судскиот совет седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Сашко Георгиев.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог дневниот ред за 442-та седница.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по предлог дневниот ред.

За збор се јави членот на Советот **Мирсад Суроји** и предложи да се дополни точката разно со дополнување на извештај од спроведено повторно оценување на судија.

Откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор претседателот на Советот Сашко Георгиев дневниот ред со предлог измените го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записници од:
- 435-та седница на Судскиот совет на РСМ од 22.03.2023 година;
- 437-та седница на Судскиот совет на РСМ од 18.04.2023 година;
- 439-та седница на Судскиот совет на РСМ од 27.04.2023 година и 04.05.2023 година;
2. Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија;
3. Донесување на Одлука за определување на ВД претседател на Основен суд Прилеп;
4. Разгледување на извештај на Комисија за проверка на навременост на пријави и комплетност на документите на кандидати од спроведена постапка по оглас за избор на претседатели на Основен суд Берово, Основен суд Крушево и Основен суд Прилеп;
5. Донесување на одлуки за престанок на функцијата судија поротник на Основен суд Кочани и Основен суд Кратово;
6. Донесување на одлука за избор на судии поротници на Основен суд Кочани;
7. Донесување на Одлука за утврдување на ориентационен број на предмети што треба да ги реши судијата месечно за 2023 година;
8. Формирање на Комисија на известители по поднесено барање за утврдување одговорност на судија/претседател на суд и
9. Разно

**Точка 1**

(Усвојување на Записници од: 435-та седница на Судскиот совет на РСМ од 22.03.2023 година; 437-та седница на Судскиот совет на РСМ од 18.04.2023 година и 439-та седница на Судскиот совет на РСМ од 27.04.2023 година и 04.05.2023 година;)

● Претседателот на Советот Сашко Георгиев, отвори расправа по Записник од 435-та седница на Судскиот совет на РСМ од 22.03.2023 година.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и истакна забелешка на стр.9 да се констатира дека седницата ја напуштила пред наведеното дека заменик претседателот на Советот продолжува да ја води седницата и дека е вратена во текот на реферирањето на претставката УПП-08-73/23. Исто така истакна забелешка секаде каде што стои „претседателот на Советот се јави за збор“ да се замени со „претседателот наведе“, „претседателот се произнесе“ и сл., бидејќи со седниците раководи претседателот на Советот и нему нема кој да му даде збор.

Посочи дека со цел да не се одолговлекува усвојувањето на записникот ќе гласа за усвојување, но генерално забележува дека иако записникот бил повлечен со дадени напатствија, односно истиот да биде во наративна форма како што е пракса, тоа не било сторено и одредени делови, односно реченици немале смисла. Нагласи дека во иднина генералниот секретар треба да следи во која форма се записниците и да реагира кога држаниот советник не постапува по напатствијата на Советот.

Откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор претседателот на Советот Сашко Георгиев записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа - „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен со констатираните забелешки.

● Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по Записник од 437-та седница на Судскиот совет на РСМ од 18.04.2023 година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

● Претседателот на Советот Сашко Георгиев, отвори расправа по Записник од 439-та седница на Судскиот совет на РСМ од 27.04.2023 година и 04.05.2023 година.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и истакна забелешка дека во делот на продолжението на 439-та седница, одржано на 04.05.2023 година во присутни членови не е евидентиран членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова, која била присутна, што е видно од содржината на самиот записник, односно истата имала учество во дискусија на седницата.

Исто така истакна бидејќи станува збор за седница која има продолжение кое е со подоцнежен датум од седниците којшто претходеле на таквата седница предложи усвојувањето на записникот да се одложи, како не би се изгубил континуитет на настаните.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека се согласува со наводите истакнати од страна на членот на Советот Тања Чачарова Илиевска. Посочи дека не може на денешнот дневен ред да се усвојува записник за којшто седницата не е завршена и да се објавува на веб страната. Нагласи дека кога ќе биде цел записник готов, од целата седница тогаш истиот се усвојува.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека доколку има предлог за повлекување на записник и сите се согласни истиот да се повлече, записникот ќе се повлече, но не е точно дека записникот не е целосен, бидејќи во него е содржано и продолжувањето на седницата.

Откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека предлогот на членот на Советот Тања Чачарова Илиевска за повлекување на записникот се усвојува.

*Напомена: Членовите на Советот кои не присуствувале на предметните седници не учествуваат во гласањето за усвојување на предметните записници.*

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 2-та точка од Дневниот ред.

**Точка 2**

(Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија)

● По повод 2-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев информираше дека по службена должност, согласно евиденцијата со која располага Судскиот совет утврди дека Аце Бакиевски, судија на Апелационен суд Битола исполнува услови за остварување на правото на старосна пензија, бидејќи на 14.05.2023 година наполнил 64 години, Зоран Стеваноски, судија на Основен суд Прилеп исполнува услови за остварување на правото на старосна пензија, бидејќи на 18.05.2023 година наполнил 64 години, Исмаил Елези, судија на Основен суд Кичево исполнува услови за остварување на правото на старосна пензија, бидејќи на 30.04.2023 година наполнил 64 години и Александра Зафироска, судија на Основен суд Тетово исполнува услови за остварување на правото на старосна пензија, бидејќи на 18.05.2023 година наполнила 64 години.

Истакна дека согласно чл.73 ст.1 ал.3 од Законот за судовите и чл.54 ст.1 т.3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, предвидено е дека судиската функција престанува ако судијата ги исполнил условите за старосна пензија.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека донесени се следните:

1. Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на на судиската функција на Аце Бакиевски, судија на Апелационен суд Битола на 22.05 .2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

2. Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на на судиската функција на Зоран Стеваноски, судија на Основен суд Прилеп на 22.05.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

3. Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на на судиската функција на Исмаил Елези, судија на Основен суд Кичево на 22.05.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

4. Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на на судиската функција на Александра Зафироска, судија на Основен суд Тетово на 22.05.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 3-та точка од Дневниот ред.

**Точка 3**

(Донесување на Одлука за определување на ВД претседател на Основен суд Прилеп)

● По повод 3-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на заменик претседателот на Советот Селим Адеми во својство на координатор на Основен суд Прилеп.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека ситуацијата во Основен суд Прилеп ден во ден е се потешка, од причини што судот е останат со четворица судии, доколку се има во предвид дека судот по систематизација има предвидено 18 судиски места. Укажа дека на огласот објавен за кандидатите од Академијата за жал нема ниту еден пријавен кандидат. Посочи дека можеби проблемот ќе се рашава со делегирање. Напомена дека исто така има објавен оглас за избор на претседател на Основен суд Прилеп каде се пријавени четворица кандидати, што значи дека сите судии од Основен суд Прилеп аплицирале за избор на претседател на судот.

Ги прочита кандидатите по освоени бодови. Судија Јасмина Шишковска Стојковиќ, на возраст од 44 години, со 13 години и 10 месеци судиски стаж, оценета со 260 бодови; судија Јованка Ивановска, на возраст од 61 година, со 19 години и 2 месеци судиски стаж, оценета со 202 бода; судија Оливера Митревска, на возраст од 55 години, со 15 години судски стаж, оценета со 209 бода и судија Сашо Патоски, на возраст од 57 години, со 15 години и 3 месеци судиски стаж, оценет со 210 бодови. Додаде дека со уредна документација се кандидатите Јасмина Шишковска Стојковиќ и Сашо Патоски.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека координаторот на судот треба да го даде предлогот.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе дека чл.89 од Законот за судови вели дека Советот определува судија којшто е со највисок број на бодови.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека не истакнал предлог од причина што не сака да биде сватен погрешно дека фаворизира некој од кандидатите. Укажа дека поаѓа од освоените бодови и ја предложи за ВД претседател на Основен суд Прилеп судијата Јасмина Шишковска Стојковиќ.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека е неспорно и со оглед дека Судскиот совет се залага за мерит системот, бодовите се првичниот показател дека судијата е солиден, квалитетен. И другите се идентични, бидејќи нема многу разлика во бодовите. Укажа дека единствено остава дилема, бидејќи предложен е судија со најмалку работно искуство, бодовите се добиени како судија, не како менаџер, не како претседател и тие способности претпоставува дека координаторот ги има детектирано и затоа го дава таквиот предлог. Посочи дека штом е така го прифаќа предлогот, бидејќи од една страна бодовите се тие, а од друга страна предлогот е од страна на координаторот и смета дека координаторот ги има детектирано состојбите во судот и дека покрај добрите бодови предложениот судија ќе биде и добар ВД претседател во моментот и ќе ги изменаџира соодветно состојбите.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе дека во однос на предлогот од страна на координаторот смета дека е во рамки на законската одредба. Укажа дека Советот е обврзан да определи ВД претседател на судот кој во последната година е оценет со највисока позитивна оцена и во однос на останатите судии има добиено најголем број на бодови. Посочи дека Советот мора да се води од законската одредба и истакна дека го прифаќа предлогот.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека законските одредби се тие, меѓутоа што ако се детектира состојба каде не може да ги исполнува обврските, било кој, и ВД претседател, и претседател, и судија. Укажа дека јасна е законската одредба, меѓутоа во наредниот период можеби ќе се соочат со ситуација некои судии да имаат максимум бодови, а да немаат интегритет или да немаат

способност да менаџираат, или да немаат способност да бидат во повисоки судови и од таа причина појаснува иако некогаш се има највисок број на бодови, зависи од интегритетот на личноста, но во конкретниот случај воопшто не е спорно од излагањата.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот на заменик претседателот на Советот Селим Адеми го стави на гласање. По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА претседател на Основен суд Прилеп се определува Јасмина Шишковска - Стојковиќ, судија на Основен суд Прилеп и се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот.

Решението влегува во сила од 23.05.2023 година.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 4-та точка од Дневниот ред.

**Точка 4**

(Разгледување на извештај на Комисија за проверка на навременост на пријави и комплетност на документите на кандидати од спроведена постапка по оглас за избор на претседатели на Основен суд Берово, Основен суд Крушево и Основен суд Прилеп)

● По повод 4-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот Зоран Герасимовски во својство на известител.

За збор се јави членот на Советот **Зоран Герасимовски** и наведе дека комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетноста на документите на кандидатите, за избор на претседател на Основен суд Берово, Основен суд Крушево и Основен суд Прилеп во состав: Зоран Герасимоски – претседател на Комисијата, Мирсад Сурои и м-р Тања Чачарова Илиевска – членови на Комисијата формирана со одлука на Судскиот совет број 02-601/1 од 15.03.2023 година, по оглас објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.58/2023 од 16.03.2023 година, согласно одлуката на Судскиот совет број 09-586/1 од 14.03.2023 година за објавување на оглас за избор на Претседател за наведените судови, одржа состанок за проверка на пријавите поднесени од кандидатите кои се пријавиле на огласот за избор на претседател. Состанокот се одржа на ден 10.05.2023 година. На состанокот присутни се Зоран Герасимоски – претседател на Комисијата, Мирсад Сурои и м-р Тања Чачарова Илиевска – членови на Комисијата.

На состанокот Комисијата во смисла на чл.45 и чл.47 од Законот за судовите ги разгледа и изврши проверка на поднесените пријави по оглас објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.58/2023 од 16.03.2023 година, согласно одлуката на Судскиот совет број 09-586/1 од 14.03.2023 година за објавување на оглас, за избор на претседател на Основен суд Берово, Основен суд Крушево и Основен суд Прилеп во поглед на

навременоста и комплетноста на пријавите со потребната документација согласно чл.45 и 47 од Законот за судовите.

Во таа насока Комисијата констатира дека за избор на претседател на Основен суд Прилеп се пристигнати 4 (четири) пријави, додека пак за избор на претседател на Основен суд Берово и Основен суд Крушево воопшто не се пристигнати пријави.

По увид во пријавите и целокупната доставена документација на пријавените кандидати за претседател на Основен суд Прилеп Комисијата го утврди следното:

1. Јасмина Шишковска Стојковиќ. По однос на навременоста на поднесената пријава Комисијата констатираше дека пријавата е доставена по пошта, со препорачана пратка на ден 23.03.2023 година, примена во Советот на ден 24.03.2023 година. Од наведеното произлегува дека пријавата е навремено доставена до Судскиот совет на РСМ.

По однос на комплетност на документацијата доставена кон пријавата, во смисла на чл.45 в.в. со чл.47 од Законот за судовите и објавениот оглас, Комисијата го утврди следното:

Кандидатот Јасмина Шишковска Стојковиќ, судија на Основен суд Прилеп кон пријавата заведена во Судскиот совет на РСМ под бр.09-586/23-1 од 24.03.2023 година ја има доставено следната документација: потврда за непрекинат стаж во суд од ист степен, односно стаж од 13 години, 8 месеци и 16 дена во Основен суд Прилеп, СУ.бр.6/2023-5 од 23.03.2023 година издадена од Основен суд Прилеп; програма за работа во текот на мандатот, и акционен план за спроведување на програмата.

Комисијата констатира дека пријавениот кандидат Јасмина Шишковска Стојковиќ кон пријавата доставила комплетна и уредна документација.

2. Сашо Патоски. По однос на навременоста на поднесената пријава Комисијата констатираше дека пријавата е доставена по пошта, со препорачана пратка на ден 24.03.2023 година, примена во Советот на 27.03.2023 година. Од наведеното произлегува дека пријавата е навремено доставена до Судскиот совет на РСМ.

По однос на комплетност на документацијата доставена кон пријавата, во смисла на чл.45 в.в. со чл.47 од Законот за судовите и објавениот оглас, Комисијата го утврди следното:

Кандидатот Сашо Патоски, судија на Основен суд Прилеп кон пријавата заведена во Судскиот совет на РСМ под бр.09-586/23-2 од 27.03.2023 година ја има доставено следната документација: потврда за непрекинат стаж во суд од ист степен, односно стаж од 15 години, 1 месец и 17 дена во Основен суд Прилеп, СУ.бр.6/2023-5 од 23.03.2023 година издадена од Основен суд Прилеп; програма за работа во текот на мандатот; акциски план за спроведување на програмата; објавени написи во Универзитетите во Болоња, Р.Италија, Џон Хопкинс, Р.Италија и други странски семинари и работилници, и објавени написи во стручно списание “Правник”

Врз основа на наведеното Комисијата констатира дека пријавениот кандидат Сашо Патоски кон пријавата доставил комплетна и уредна документација.

3. Оливера Митреска. По однос на навременоста на поднесената пријава Комисијата констатираше дека пријавата е доставена по пошта, со препорачана пратка на ден 29.03.2023 година, примена во Советот на 30.03.2023 година. Од наведеното произлегува дека пријавата е навремено доставена до Судскиот совет на РСМ.

По однос на комплетност на документацијата доставена кон пријавата, во смисла на чл.45 в.в. со чл.47 од Законот за судовите и објавениот оглас, Комисијата го утврди следното:

Кандидатот Оливера Митреска, судија на Основен суд Прилеп кон пријавата заведена во Судскиот совет на РСМ под бр.09-586/23-3 од 30.03.2023 година ја има доставено следната документација: одлука за избор на судија во Основен суд Прилеп бр.07-1191/1 од 20.05.2008 година; уверение за положен правосуден испит бр.08-5/471 од 14.12.2000 година; уверение за завршен Правен факултет бр.11-4/159 од 10.05.1991 година; преглед на податоци од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување од 28.03.2023 година; потврда од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување од 28.03.2023 година, и програма за работа во текот на мандатот со акциски план за спроведување на програмата.

Врз основа на наведеното Комисијата констатира дека од доставената програма во текот на мандатот заедно со акциски план истата не беше во можност да ја утврди временската рамка за преземање на дејствија и реализирање на истата. Додека пак во однос на рокот за непрекинат стаж повеќе од 6 години кандидатот иако има доставено податоци од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, од истите Комисијата не можеше да утврди дека кандидатот има непрекинат судиски стаж за кое нешто е потребно потврда од судот каде истата е вработена т.е. од работодавачот. Оттука Комисијата смета дека документацијата од наведениот кандидат не е комплетна.

4. Никола Крстески. По однос на навременоста на поднесената пријава Комисијата констатираше дека пријавата е доставена по пошта, со препорачана пратка на ден 30.03.2023 година, примена во Советот на 03.04.2023 година. Од наведеното произлегува дека пријавата е навремено доставена до Судскиот совет на РСМ.

По однос на комплетност на документацијата доставена кон пријавата, во смисла на чл.45 в.в. со чл.47 од Законот за судовите и објавениот оглас, Комисијата го утврди следното:

Кандидатот Никола Крстески, судија на Апелационен суд Битола кон пријавата заведена во Судскиот совет на РСМ под бр.09-586/23-4 од 03.04.2023 година ја има доставено следната документација: потврда за непрекинат стаж во Апелационен суд Битола, односно стаж од 11 години, 2 месеци и 21 ден во Апелационен суд Битола, СУ.бр.03-5/23 од 21.03.2023 година издадена од Апелационен суд Битола, и програма за работа во текот на мандатот со акциски план.

Комисијата констатира дека од доставената програма во текот на мандатот заедно со акциски план истата не беше во можност да ја утврди временската рамка за реализирање на истата со преземање на соодветни дејствија. Оттука Комисијата смета дека документацијата од наведениот кандидат не е комплетна.

Предвид на горенаведеното Комисијата ја донесе следната Предлог Одлука:

Да се извести Судскиот совет на Република Северна Македонија дека на огласот за избор на Претседател на Основен суд Прилеп двајца од пријавените кандидати - Јасмина Шишковска Стојковиќ и Сашо Патоски ги исполнуваат законските услови за избор.

По однос на кандидатите пријавени на огласот за избор на Претседател на Основен суд Прилеп, Судскиот совет на Република Северна Македонија да се извести дека пријавените кандидати - Оливера Митреска и Никола Крстески не ги исполнуваат законските услови за избор.

За Основен суд Берово и Основен суд Крушево нема пријавени кандидати.

Судскиот совет на РСМ согласно чл.47 ст.6 од Законот за судовите да донесе одлука за објава на нов оглас за избор на претседател на Основен суд Берово и Основен суд Крушево.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека за кандидатите на кои им се сметаат за некомплетни пријавите по однос на тоа дека нема временска рамка за преземање на дејствија и реализирање на истите утврдено во акционен план апсолутно нема да спори, бидејќи Комисијата тоа го утврдила анализирајќи се.

Побара кратко појаснување од претседателот на Комисијата по однос на третиот кандидат, судијата Оливера Митреска каде што е наведено дека не може да се утврди дека кандидатот има непрекинат судиски стаж за кое нешто е потребна потврда од судот каде истата е вработена, а се доставени податоци од ФПИОМ, меѓутоа дали има потврда од судот, бидејќи од претходно изложеното на седницата стои дека кандидатот е судија 14 години, 11 месеци и 29 дена?

За збор се јави членот на Советот **Зоран Герасимовски** и наведе дека во огласот е наведено да има потврда за непрекинат судиски стаж во ист суд или суд од повисок степен. Укажа дека во конкретниот случај кандидатот нема потврда како што имаат другите кандидати, како што е пропишано. Има само преглед на регистрирани податоци во матична книга на евиденција од ФПИОМ. Посочи дека Комисијата можела да изврши проверка во евиденцијата со која располага Советот, но заклучок е на Судскиот совет да се држи до тоа што е пропишано во огласот.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека нема потврда за непрекинат судиски стаж, прилог којшто задолжително треба да се поднесе заедно со пријавата за избор на претседател на суд, согласно Законот за судови. Укажа дека во случајот прегледот добиен од страна на ФПИОМ зборува за работен стаж, но Законот за судови бара конкретно непрекинат судиски стаж и кандидат приложил во таа насока одлука за избор на судија, што исто така не значи дека има непрекинат судиски стаж од 6 години како што бара Законот за судови. Посочи дека затоа е ценето дека меѓу другото и заради таа околност пријавата е некомплетна.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека Извештајот на Комисијата е темелен, по однос на сите точки. Укажа дека во самиот оглас многу јасно и децидно стои дека како документи кои треба да се доставаат се потврда за непрекинат судиски стаж и програма за работа со акциски план. Посочи дека во самиот оглас стои дека ненавремените и нецелосни документи нема да се разгледуваат. Нагласи дека во таа смисла секоја дискусија е излишна.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека по појаснувањето на претседателот на Комисијата се разјасниле одредени факти, бидејќи ги немаат на увид досиејата.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и побара Комисијата да даде појаснување во однос на кажаното за двајцата кандидати дека доставиле програма заедно со акциски план, меѓутоа Комисијата не била во можност да ја утврди временската рамка. Упати прашање дали тоа значи дека во акцискиот план којшто е доставен од конкретните кандидати не се предвидени рокови за спроведување на определени цели во програмата?

За збор се јави членот на Советот **Зоран Герасимовски** и наведе дека по однос на судијата Оливера Митревска има доставено програма за работа во текот на мандатот и акциски план за спроведување на програмата. Укажа дека во програмата за работа и акцискиот план воошто не е распределно што е програма, а што е акциски план. Посочи дека нема временеска рамка, нема датуми, во кое време ќе се остварат определени активности. Нагласи дека истиот е случајот и со колегата Никола Крстевски, којшто на страна и половина заедно ги ставил програмата за работа во текот на мандатот со акциски план за спроведување на програмата без да се каже што е програма, што е акциски план, во кој период што ќе се презема, што кај другите два кандидати тоа не е случај.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека не е проблем што во еден документ се и програмата и акцискиот план. Проблемот е што нема никакава временска рамка за ниту една предвидена активност во програмата, кога во кој временски период би се извршила.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлог извештајот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ извештајот е усвоен.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека членот на Советот Ивица Николовски ја напушти седницата од оправдани причини.*

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев предлогот за објавување на оглас за избор на претседател на Основен суд Берово и Основен суд Крушево го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесена е следната:

О Д Л У К А
ДА СЕ ОБЈАВИ ОГЛАС ЗА:

- За избор на претседател на Основен суд Берово и
- За избор на претседател на Основен суд Крушево

Претседателот на Советот Сашко Георгиев информираше дека согласно чл.2 од Правилникот за начинот на формирањето на Комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, како и начинот на работење на Комисијата бр. 01-584/1 од 13.03.2023 година Комисијата за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на Основен суд, Апелационен суд, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Северна Македонија се формира на истата седница на која Советот донесува одлука за објавување на оглас за избор на претседател на суд. Согласно чл.3 Комисијата е во состав од три члена од редот на членовите на Советот со право на глас, избрани по пат на ждрепка од кои два се од редот на членовите избрани од редот на судиите, а еден од редот на членовите избрани од Собранието на Република Северна Македонија, а од нив по пат на ждрепка се избира претседателот на Комисијата.

Во таа насока по спроведената ждрепка претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е донесена следната:

О Д Л У К А

Се формира КОМИСИЈА за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд по донесена Одлука за објавување на оглас за избор на претседатели на Основен суд Берово и Основен суд Крушево бр.09-1074/1 од 23.05.2023 година, во состав од:

- м-р Тања Чачарова Илиевска - претседател на Комисијата
- Мирјана Радевска Стефкова - член на Комисијата и
- Лорета Горгиева - член на Комисијата.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 4-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 5-та точка од Дневниот ред.

**Точка 5**

(Донесување на одлуки за престанок на функцијата судија поротник на Основен суд Кочани и Основен суд Кратово)

● По повод 5-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев информираше дека претседателот на Основниот суд Кочани со допис Су-708/23 од 18.04.2023 година, заведен во Судскиот совет под број 02-877/1 од 24.04.2023 година, достави предлог до Советот, судијата поротник Томе Зашев да биде разрешен од функцијата, бидејќи на ден 19.04.2023 година навршил 60 години старост.

Координаторот за Основен суд Кочани, по разгледување на предлогот за разрешување и извршениот увид во Регистерот на судии поротници, констатира дека Томе Петко Зашев судија поротник во Основниот суд Кочани на ден 19.04.2023 година навршил 60 години старост, па согласно чл.80 ст.1 т.5 од Законот за судовите му престанува функцијата судија-поротник. Од таа причина се предлага на Советот да констатира дека на Томе Петко Зашев му престанува функцијата судија-поротник во Основен суд Кочани на ден 19.04.2023.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека предлогот е усвоен и донесена е следната:

О Д Л У К А

На Томе Зашев, избран за судија поротник на Основен суд Кочани со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија му престанува функцијата судија поротник, поради навршени 60 години старост.

● По повод следната потточка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев информираше дека претседателот на Основниот суд Кратово со допис Су-03 бр.31/23-2 од 11.05.2023 година, заведен во Судскиот совет под број 02-994/1 од 12.05.2023 година, достави предлог до Советот судијата-поротник Христина Петрушева да биде разрешена од функцијата, по нејзино сопствено барање. Во прилог на дописот доставено е и барањето на судијата-поротник Христина Петрушева да биде разрешена од функцијата.

Координаторот за Основен суд Кратово, по разгледување на предлогот на претседателот на Основниот суд Кратово и доставеното лично барање на судијата-поротник Христина Петрушева да биде разрешена од функцијата, констатира дека се исполнети условите за разрешување на судијата-поротник, согласно чл.80 ст.1ал.1 од Законот за судовите, поради што се предлага на Советот да донесе одлука за разрешување на Христина Петрушева од функцијата судија-поротник .

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека предлогот е усвоен и донесена е следната:

О Д Л У К А

На Христина Петрушева, избрана за судија поротник на Основен суд Кратово со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија и престанува функцијата судија поротник, по сопствено барање.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека членот на Советот Ивица Николовски повторно е присутен на седницата.*

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 5-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 6-та точка од Дневниот ред.

**Точка 6**

(Донесување на одлука за избор на судии поротници на Основен суд Кочани)

● По повод 6-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев информираше дека Основниот суд Кочани објавил јавен оглас за избор на судии-поротници СУ-596/23 од 23 .03.2023. Со допис Су-596-1/23 од 19.04.2023 доставена е

предлог листа на кандидати за судии поротници, кои ги исполнуваат законски предвидените услови.

Координаторот за Основниот суд Кочани по разгледување на предлог листата на кандидати констатира дека следните пријавени кандидати ги исполнуваат условите за судија поротник, согласно чл.7 ст.2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судови и ја состави следната предлог листа на кандидати за судии поротници Сашо Стоименов, Иван Минов, Владимир Георгиев, Васка Ефтимова и Марија Ангелова.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесена е следната:

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ

За судии поротници на Основен суд Кочани се избрани:

1. Сашо Стоименов;
2. Иван Минов;
3. Владимир Георгиев;
4. Васка Ефтимова и
5. Марија Ангелова .

Одлуката влегува во сила од 23.05.2023 година

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 6-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 7-та точка од Дневниот ред.

## Точка 7

(Донесување на Одлука за утврдување на ориентационен број на предмети што треба да ги реши судијата месечно за 2023 година)

● По повод 7-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот Ханиф Зендели во својство на известител.

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека со Одлука на Судскиот совет на РСМ бр.02-444/1 од 22.02.2023 година формирана е Комисија за утврдување на ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно, во основните судови, апелационите судови, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на РСМ за 2023 година.

Претседателот на Комисијата констатира дека членовите на Комисијата се согласни како основ за утврдување на ориентациониот број на предмети што треба да ги решат судиите во судовите во РСМ на месечно ниво да претставуваат извештаите од АКМИС системот за приливот на предмети и нивното решавање во изминатата 2022

година, бројот на судиите кои постапуваат во 2022 година и доставените мислења од судовите

Комисијата при работењето ги имаше предвид податоците во врска со приливот на предмети во судовите за 2022 година (од овој извештај се утврдува со колкав број нерешени предмети судовите ја започнале 2023 година, колку предмети примиле, а колку решиле во текот на годината и колку предмети останале нерешени на крајот од 2022 година). Воедно Комисијата имаше увид и во податоците кои се однесуваат на бројот на судии кои постапувале во судовите во текот на 2022 година, а колкав број на судии постапуваат во судовите во 2023 година при што го имаше предвид и фактот дека бројот на судиите во тековната 2023 година подлежи на намалување наспроти бројот на судиите кои постапувале во судовите во 2022 година.

Комисијата при работењето ги имаше предвид и мислењата доставени од судовите, со посебен осврт на мислењата доставени од Основниот кривичен суд Скопје и Основниот граѓански суд Скопје, како судови со најголем обем на работа. Од мислењата доставени од судовите Комисијата констатира дека од страна на судовите во најголем број случаи се бара незначително намалување на ориентациониот број на предмети што треба да ги решат судиите месечно.

Согласно добиените мислење и известувања од судовите по однос на кривичните предмети пред се мислењето од Основниот кривичен суд Скопје, имајќи го опредвид и фактот на намалување на бројот на кривичните предмети се предложи намалуање на нормата за кривичните предмети за еден предмет помалку од нормата за овој уписник утврдена за 2022 година. Во таа наока ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно за кривични предмети беше предложено да изнесува 11 предмети.

Врз основа на анализата на прибавените мислења, Комисијата за утврдување на ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно за 2023 година, според видот на уписниците во судовите, ја предлага следната ориентациона норма што треба да ја исполнат судиите во Врховниот суд на РСМ, во Вишиот управен суд, во Управниот суд, во апелационите и во основните судови:

Од известувањето доставено од Врховниот суд на Република Северна Македонија од 05.04.2023 година, произлегува дека судиите од Врховниот суд на Република Северна Македонија поаѓајќи од спецификата на работа согласно уставната и законската надлежност на судот за воедначување на судската пракса и обезбедување на единство во примена на законите од страна на судовите, како и сложеноста на предметите по кои постапуваат повеќе години наназад укажуваат дека работа на судиите од овој суд како највисок суд во државата ниту може, ниту треба да се преточи во ориентационен број на предмети, односно судиите од овој суд да не се задолжуваат со месечна ориентациона норма .

Поаѓајќи од законското решение утврдено во член 85 став 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Комисијата смета дека ваквиот предлог на Врховниот суд на Република Северна Македонија не може да се прифати. Ова од причини што за сите нивоа на судови во Република Северна Македонија Советот утврдува ориентационен број на предмети што треба да ги реши судијата аналогно на

што ориентационен број на предмети треба да ги вклучува и судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

При одлучувањето, а согласно со податоците со кои располага Советот, Комисијата истотака ги имаше предвид и следниве околности: Врховниот суд на Република Северна Македонија во 2022 година е ажурен суд, во судот во 2022 година просечно постапувале 14 судии, дека е совладан приливот на предмети за 149 предмети, дека според моменталната систематизацијата во судот има предвидено 28 судиски места од кои активно се пополнети 14 судиски места и претседател на судот.

Комисијата, имајќи ги предвид сите сите горенаведени околности, пред се дополнителни активности на судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија, доставеното мислење од овој суд и законските одредби од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија сепак, предлага и за Врховниот суд на Република Северна Македонија да се определи ориентационен број на предмети што треба да ги реши судијата месечно како и за сите останати судови.

За 2023 година Комисијата предлага за Врховниот суд на Република Северна Македонија да остане истиот ориентационен број на предмети што треба да ги реши судијата месечно во како и за 2022 година.

Вишиот управен суд во 2022 година работел со 8 судии, односно за 5 судии помалку споредено со 2021 година кога работел со полн состав на 13 судии колку што се предвидени по систематизација. Намалувањето на бројот на 5 судии во овој суд се должи на престанок на судиската функција поради пензионирање.

Овој суд во 2022 година го совладал приливот на предмети за 23 предмети, односно во 2022 година е ажурен суд. Согласно анализата и наведените податоци за 2022 година Комисијата предлага да остане истата норма како и за 2022 година.

Управниот суд во 2022 година работел со 28 судии од предвидени 33 судии по систематизација. Овој суд во 2022 година е ажурен суд, со решени 8.730 предмети и нерешени 5.248 предмети на крајот на 2022 година. Со оглед на измената на Законот за управни спорови и фактот што со истиот во Управниот суд е предвидено одржување на јавни расправи како класични судски спорови, каде управниот спор се претвора во спор на полна јурисдикција, а во насока на подобрување на квалитетот на одлуките кои се носат во овој суд имајќи ја при тоа во предвид и околноста дека бројот на судии е намлен во 2022 година се предлага намалување на ориентационен број на предмети што треба да ги реши судијата месечно за сите уписници на предмети.

Од четирите апелациони суда, во 2022 година неажурни во работењето се Апелациониот суд Гостивар и Апелациониот суд Штип, додека Апелациониот суд Скопје и Апелациониот суд Битола се ажурни во работењето. Просечниот број на судии кои постапувале во сите четири апелациони суда во 2022 година е следен: АС Скопје во 2022 работел со 33 судии плус претседателот на судот, АС Битола работел со 16 судии плус претседателот на судот, АС Штип работел со 9 судии плус претседателот на судот и АС Гостивар во 2022 година работи со 12 судии плус претседателот на судот. По однос на Апелационен суд Штип потребно е да се напомене дека до крајот на оваа 2023 година бројот на судиите од сегашните 9 ќе се намали 6 поради заминување во пензија на 3 судии до крајот на годината, додека во останатите апелациони судови бројот на судии ќе се намали за еден судија.

Имајќи ги предвид наведените околности претседателот на Комисијата Ханиф Зендели и членот на Комисијата Сашко Георгиев не предлагаат промена во уписниците,

односно за Апелационите судови предлагаат да остане истата норма од 2022 година. Сметаат дека ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно, согласно закон, треба да биде иста за судиите во сите апелациони судови.

Членот на Комисијата Мирсад Сурοји истакна дека по однос на апелационите судови предлага намалување на ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата и тоа за уписникот „КЖ“ - второстепени кривични предмети. Ова од причини што во три апелациони судови во 2022 година во просек приливот на предмети изнесувал околу 5.000 предмети, додека во Апелациониот суд Скопје во просек изнесувал 15.000 предмети. Ваквиот факт покажувал дека е потребно да се намали месечната норма од уписникот „КЖ“ – на 13 предмети, пред се имајќи во предвид приливот и сложеноста на предметите во Апелациониот суд Скопје, особено од уписникот „КОК Ж“.

По однос на основните судови поаѓајќи од нивната организациона поставеност, бројот на основни судови, нивната различна големина и обем на работа, како и околноста дека некои основни судови работат со проширена надлежност, наспроти законските одредби согласно кои ориентационата норма на предмети што треба да ги реши судијата се определува еднакво за сите судии од основна надлежност без исклучоци, претседателот на Комисијата Ханиф Зендели и членот на комисијата Сашко Георгиев предлагаат намалуање на нормата само за кривичните предмети и тоа за еден предмет помалку од нормата за овој уписник утврдена за 2022 година. Во таа наока ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно за кривични предмети предлагаат да изнесува 11 предмети.

Членот на Комисијата Мирсад Сурοји по однос на основните судови го предлага следното:

По однос на ориентационата број на предмети што треба да ги реши судијата месечно од уписникот „К“- кривични предмети предлага нормата да се намали на 10 предмети со оглед дека во повеќе основни судови во државата е намаленн приливот на кривичните предмети како и поради фактот што неможе поради Основниот кривичен суд Скопје, сите останати судови во државата да се ставаат во понеповолна положба.. Имајќи го предвид фактото дека во основните судови со проширена надлежност поради намален број на судии, односно состојбата во која се наоѓа судството , судиите кои претходно работеле само по предмети „кривично полнолетни“, веќе поради намалениот број на судии постапуваат и по други уписници. Во таа насока за да се постигне месечната норма од повеќе уписници смета дека е неопходно да се намали бројот на предмети што судијата треба да ги реши месечно за предметите од уписникот „К“ – кривични предмети.

Месечната норма на предметите за повторување на постапка во сите судови се определува согласно со утврдената норма за видот на предметот и судот.

Месечната норма за времените мерки во сите судови се определува согласно на утврдената норма за видот на предметот и судот.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека работата во Комисијата е обемна и даден е голем труд. Укажа дека не знае дали е користена методологијата за утврдување на сложеност на предметите при утврдување на нормата. Посочи дека претседателот на Комисијата известил дека во кривичен суд намален е

бројот на судии и известил дека е намален бројот на предмети, па поради тоа треба и да се намали нормата. Тие две работи се во коализија и смета дека нормата не треба да се намалува во кривичните предмети. Нагласи дека можеби има некаква логика за апелационите судови, затоа што таму малиот број на судии значи дека судиите пополнуваат совети и во една и во друга материја, и во граѓанска и во кривична за да може судот некако да функционира, меѓутоа за Основниот кривичен суд и основните судови не е логично да се намалува нормата. Додаде дека во услови кога нема судии и таа норма што ја има е на граница на ниска норма, затоа што се очекува да работат повеќе.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека постои една дилема во смисла на тоа како е извршена „селекција“. Укажа дека од страна на Комисијата е наведено дека се земени во предвид мислењата на Основниот граѓански суд и на Основниот кривичен суд, а сепак е намалена ориентационата норма само во Кривичниот суд, само за кривични предмети, но не и за граѓански предмети. Посочи дека ако Комисијата ги смета Основниот граѓански суд и Основниот кривичен суд како најголеми судови во државата и ги има земено нивните мислења и известувања како е стигнато до состојба да се намалат само кривични предмети. Напомена дека нема логика во период кога има енормно многу голем број на работа во судовите и кога судиите навистина вложуваат надчовечки напори и нормата за нив не е пречка, не се гледа потребата од намалување на нормата. Дополни дека треба да се размислува што се случува со предметите во апелационите судови на ниво на држава, бидејќи очигледно тука акцентот од страна на Комисијата е ставен само на кривични предмети и тоа почнувајќи од Основниот кривичен суд, па до основните судови и дел е намалено во Управниот суд. Потенцира дека селективната правда е неправда. Образложи дека не може да се намалуваат кривични предмети само во основни судови, а не и во апелациони кога знаат дека и апелационите судови на ниво на држава, особено Апелациониот суд Скопје навистина е пребукиран поради немање на човечки ресурси.

Појасни дека со оглед дека Комисијата не предлага намалување и на предмети од кривична област и во апелационите судови, а во тие судови има сериозен обем на работа, а не предлага ниту намалување на нормата во граѓански предмети, Предложи да не се намалува и нормата за кривичните предмети.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека дека не треба да се намалува нормата во кривични предмети. Напротив, кога се прави таков предлог и кога се утврдува нормата најчесто се зема во предвид приливот на предмети, нивно решавање и квалитетот на решавањето на предметите. Во таа насока предложи нормата на кривични предмети да остане иста, а да се намали нормата кај прекршочните предмети. Тоа од причина што 90% од граѓаните се сторители на прекршок и 90% од граѓаните се вистинската перцепција за работата на судовите токму во прекршочните предмети. Укажа дека од неговото искуство секој суд е оптеретен со прекршочни предмети, но тоа не значи да се печатат одлуки на штета на граѓаните без да се даде можност во една постапка пропишана со закон да го заштитат своето право и колегите судии се притиснати со нормата 100 предмети месечно, што не е мала норма. Посочи дека ако се земе Законот за прекршоци и ако се спореди со Законот за кривична постапка ќе се види дека и тоа како прекршочната постапка бара посветеност. Нагласи дека има

исти дејствија и во таа постапка, меѓутоа притиснат еден судија од нормата што треба да ја испорача се тоа оди на штета на граѓаните. Напомена дека ако се направи споредба со прекршоците за јавен ред и мир и со класичен кривичен предмет разликата е многу мала, а постапката е многу идентична и бара време и посветеност. Од тие причини предложи нормата да остане во кривичните предмети иста, а да се намали во уписникот сообраќај од 100 на 90 предмети, во прекршочните предмети стопански кои се сложени предмети каде се предвидени многу ригорозни санкции од 55 да се спушти на 50 и јавен ред и мир од 55 на 50. Понатаму, во граѓанската материја има парнични предмети од мала вредност. Прецизира дека од искуство дали предметот е од мала вредност или од огромна вредност треба да се спроведе целосно парничната постапка и треба да се донесе, односно утврди правилно фактичката состојба и да се донесе законита, издржана одлука. Образложи дека не е својствено 20 предмети месечно, предмети од мала вредност и предложи да се смали на 15 предмети.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе дека во основа немало барање од судовите во даденото мислење за намалување на ориентационата норма, освен Кривичниот суд. Укажа дека тоа дава основ дека судовите можат да се справат со ориентационата норма којашто им била поставена во 2022 година иако е неспорно дека во сите судови се соочува со намален број на судии и поради тоа се прави поголем заостаток во работата.

Посочи дека Комисијата предлага намалување на нормата на Управниот суд поради тоа што по измената Законот за управни спорови се води јавна расправа. Нагласи дека точно е дека тоа ја одолговлекува постапката и треба повеќе време за завршување на секој предмет, меѓутоа не е јасно зошто буквално се се намалува, па дури се намалуваат и Р бројчињата што треба судот да ги изработи. Не гледа причина зошто и тие да се намалат. Додаде дека во ред е таму кадешто се води расправа, но за останатите да остане истата норма од претходната година. Прецизира дека јавна расправа врз основа на истиот закон сега води и Вишиот управен суд, а таму се остава нормата комплетно иста. Образложи дека резултатите на Вишиот управен суд се добри, ажурен суд иако има 5 судии помалку, но дали евентуално требало да се размислува во истата смисла и за Вишиот управен суд.

Објасни дека Комисијата наведува дека по однос на Апелациониот суд Скопје до крајот на 2023 бројот на судии од сегашните 9 ќе се намали 6 поради заминување на 3 судии, додека во останатите апелациони судови бројот на судии ќе се намали за 1 судија. Тука побара да се поправи, бидејќи Апелациониот суд Скопје е наведен со 33 судии, коишто точно биле толку во 2022 година, меѓутоа веќе сега е со 28 судии и уште 1 судија ќе оди до крајот на мај во пензија, што значи половина од ситематизација, за да се точни во податоците.

Предочи дека исто така не се согласува со предлогот за намалување на нормата на кривичните предмети во основните судови затоа што малку е образложението е контрадикторно. Од една страна се образлага дека Основниот кривичен суд и останатите кривични судови не се во еднаква положба и дека од сите останати судови којшто работат кривична материја се во понеповолна положба, бидејќи немаат доволен прилив на предмети. Наведе дека приливот на предмети не може да биде основ дека нема доволно и затоа ќе биде нормата помала. Истакна дека работата е дали судовите можат да ја постигнат таа норма, а привот колку и да е. Констатира дека во таа смисла без

оглед на приливот на било кој предмет нормата е реална и може да се оствари. Резимира дека во однос на граѓанските предмети нормата може да остане иста, бидејќи самите судови не предлагаат намалување на нормата, што значи дека сметаат дека истата може да ја остварат.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека седница за претставки има закажано за 30-ти мај, за само 7 дена и предложи да се повлече усвојувањето на предлог одлуката за норма, за да се доработи истата, при што ќе се вметнат истакнатите забелешки.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека ако предлогот на заменикот е повлекување побара истиот да се стави на гласање, од причина што со одлука на Судскиот совет на 22.02.2023 година е формирана комисија, дури на 18.05.2023 година е состаната Комисијата. Замоли да не се одлагаат работите и посочи дека нема оправда причина за повлекување, освен „да се убедуваат". Укажа дека дускутирано е на седница, почната е расправата и завршена е, одлуката е на Советот. Посочи дека не мора да помине, може и да не се усвои, а може и да се усвои. Нагласи дека не е важна одлуката, важен е предлогот на Комисијата да се стави на гласање, бидејќи многу време е поминато.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе дека предлогот за одлагање е издржан, од причина што на Комисијата и се дадени неколку предлози. Укажа тие неколку предлози Комисијата да ги разгледа, без било какво убедување, бидејќи Комисијата располага со сите податоци за предмети за судовите и на наредната седница, 7 дена не играат никаква улога, да каже дали некој од предлозите прифаќа, дали ќе биде предлог на Комисијата или останува на денес даденото, па се разбира дека ќе се оди на гласање.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот да се повлече за доработка Предлог Одлуката за утврдување на ориентационен број на предмети што треба да ги реши судијата месечно за 2023 година го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За" и 1 глас „Против" предлогот е усвоен.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 7-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 8-та точка од Дневниот ред.

**Точка 8**

(Формирање на Комисија на известители по поднесено барање за утврдување одговорност на судија/претседател на суд)

Врз основа на чл. 39 ст. 2 од Законот за Судски совет претседателот на Советот Сашко Георгиев предложи за 8-та точка од дневниот ред јавноста да се исклучи од седницата.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За" и ниту еден глас „Против" е донесена следната:

О Д Л У К А

Судскиот совет заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот со право на глас ја ИСКЛУЧИ ЈАВНОСТА од седницата за 8-та точка на дневниот ред.

Се констатира дека претставниците на медиумите и друга поширока јавност ја напуштија седницата.

[redacted]

[redacted]

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 8-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 9-та точка од Дневниот ред.

**Точка 9**

(Разно)

*Претседателот на Советот надвор од точката на дневен ред ги извести присутните дека е одлучено да се ангажира г-ѓа Гордана Дувњак за државен советник за односи со јавноста. Истакна дека станува збор за исклучително професионален, коректен и искусен новинар посебно позната за нејзиното критично новинарство во делот на правосудството.*

*Членовите на Судскиот совет поединчено и изразија честитки за изборот и посакаа успех во работата.*

● По повод 9-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот Ханиф Зендели во својство на координатор на Основен суд Кичево.

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека по однос на Основен суд Кичево на денешната седница е констатирано пензионирање на еден судија, судијата Исмаил Елези што значи дека судот е останат со тројца судии кривичари, претседателот на судот и еден судија кој работи на граѓанска материја, а исто така еден судија е делегиран. Укажа дека на судијата Драган Миновски во 7-ми месец треба да му се констатира пензионирање. Посочи дека пред две недели во судот се делегирал еден судија од Основниот суд Гостивар. Нагласи дека неговиот предлог бил да се делегираат двајца судии. Додаде дека со координаторот на Основен суд Гостивар е договорено да се разгледаат извештаите на Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево, па потоа тоа да се види дали има услови да се делегира од страна на Основен суд Гостивар уште еден судија во Основен суд Кичево, а со тоа да не се создадат проблеми во Основниот суд Гостивар. Предложи барањето упатено од Основниот суд

Кичево да се разгледа на една од наредните седници и да се повлече точката од дневниот ред.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека точката од дневен ред е повлечена.

● По повод следната потточка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот Весна Дамева во својство на известител.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека изминатиот период неколку пати укажува, бидејќи е дел од Комисијата која била формирана со заклучок на Судскиот совет на 11.04.2022 година, а се однесува на барање од Државно правобранителство да се констатира состојбата во врска со предметот Транс Мет. Укажа дека по тој повод формирана е работна група составена од координаторите на Основен кривичен суд Скопје, Основен граѓански суд Скопје, Апелационен суд Скопје и Врховниот суд да ја констатира целокупната состојба. Истакна дека дека во тој период не е претседател на Советот, туку е координатор на Основен кривичен суд Скопје. Посочи дека како координатор врши увид и во месец мај веднаш доставила извештај. Нагласи дека извештаи се изготвени и за Врховниот суд и за Апелациониот суд Скопје и тоа во месец септември и месец јули, но останат е извештајот за Основниот граѓански суд Скопје да се изготви. Бидејќи има еден извештај доставен на 28.03.2023 година кој не е довршен, видно од последната реченица, каде стои дека врз основа на извршениот увид заклучок е на работната група дека е потребно од судијата кој постапува по предметот да се побара да ги достави во најкус можен рок записниците од рочиштата како и сите одлуки по предметот. Напомена дека не сака да се свати тенденциозно, меѓутоа мора да укаже на последиците. Имено, од извештајот изготвен од нејзина страна во месец мај веќе е поминат рокот од 6 месеци заради евентуална одоговорност. Од извештајот што е изготвен во 7-ми месец од страна на координаторот на Врховниот суд поминати се 6 месеци. Од извештајот на координаторот на Апелациониот суд изготвен во 9-ти месец исто така. Потенцира дека неспорно е дека било кој член може понатаму да преземе дејствија, но замоли да се внимава на ажурноста и предложи да се даде рок, бидејќи сите се врзани со изготвување на единствен извештај. Предложи да се определи рок во кој ќе се изготви целосен извештај за Основниот граѓански суд Скопје за да може групата да изготви единствен извештај и да се презентира пред Советот. Да се даде рок на тогашниот координатор на Основниот граѓански суд Скопје да го изготви извештајот, за да може да се изготви единствениот, со анализи и заклучоци. Резимира дека не знае дали по 28.03.2023 година има доставено извештај, можеби во меѓувреме има.

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека по однос на наводите на колешката изготвени се сите извештаи, вклучително и од координаторот на Основен граѓански суд Скопје и Комисијата може во секој момент да пристапи кон изготвување на консолидиран извештај.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и упати молба Генералниот секретар да и го достави посочениот извештај и претседателот да донесе заклучок во кој рок да се изготви извештајот, бидејќи многу долго се одлага, од месец април претходната

година. Укажа претседателот да даде рок од 15 дена, па ако треба денонокно ќе работат, бидејќи ако нема рок се плаши дека повторно ќе се одлагаат работите и ќе се сведе на тоа дека се нема време.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека нема надележност да даде рок, роковите се дадени во Законот. Ја повика работната група на благовременост.

● По повод следната потточка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот Мирсад Суроји во својство на известител.

За збор се јави членот на Советот **Мирсад Суроји** и наведе дека Комисија за повторно оценување на судија/претседател на суд до Советот поднесе Извештај под бр. 09-34/18 од 15.02.2023 година со предлог оцени за оценувањето на работата на /// судија на Основен суд Велес за периодот 01.01.2019 година до 31.12.2020 година. Ова од причини што при спроведеното вонредно оценување беа констатирани пропусти во неговото оценување како претседател на суд во периодот од 01.01.2019 година до 29.04.2019 година и како ВД претседател во периодот од 30.04.2019 година до 30.10.2019 година.

Советот на седницата го разгледа и го усвои Извештајот на Комисијата со предложените бодови и тоа:

Судијата /// за 2019 година како судија добива 160 бода, а за 2020 година добива 174,11 бода.Вкупниот број на бодови кои ги добива за 2019 година и 2020 година како судија изнесува 167,06 бода.

Од спороведеното повторно оценување како претседател на суд за 2019 година добива 180 бода.

Крајната оцена за судијата е позитивна .

Согласно на членот 79 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија како основа за пресметување на оцената на работата на судијата се зема збирот на резултатите добиени од квалитативните и квантитативните критериуми, при што за квалитативните критериуми може да добие максимум 120 бода, а за квантитативните критериуми може да добие максимум 80 бода.

Согласно на членот 90 став 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, бодовите добиени од оценувањето за работата како судија на претседателот на суд, му се додаваат на бодовите добиени при неговото оценување како претседател на суд, доколку како претседател на суд е оценет со позитивна оцена, со тоа што вкупниот број на бодови не може да надмине 200 бода.

Во Извештајот на Комисијата бр. 09-34/18 од 15.02.2023 година не беше пресметан вкупниот број на бодови кои судијата /// ги добил за 2019 година како претседател на суд и како судија согласно на наведените законски одредби, како и вкупните резултати за утврдување на средна вредност од секое оценување за двете години .

Имено, судијата /// во текот на 2019 година бил претседател на Основниот суд Велес кој превземал обврска за судење на предмети.

Од спроведеното вонредното оценување на неговата работа како судија во 2019 година добива 160 бода, а од повторното вонредно оценување како претседател на судот за 2019 година добива 180 бода. Вкупниот број на бодови од неговото

оценување како претседател на суд кој превзел обврска за судење на предмети за 2019 година согласно на членот 90 став 2 од законот, изнесува 340 бода.

Вкупниот број на бодови добиен од неговото вонредно оценување како судија во 2020 година изнесува 174,11 бода, односно за двете години за кои беше спроведено вонредното оценување судијата добива вкупно 514,11 бода . Средата вредност на бодови за двете години е 270 бода .

Предвид наведеното, Комисијата за повторно оценување му предлага на Советот да донесе решение со кое /// судија на Основен суд Велес вонредно се оценува за периодот од 01.01.2019 година до 31.12.2020 година со ПОЗИТИВНА ОЦЕНА за добиени 200 бода.

Откако повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор претседателот на Советот Сашко Георгиев констатираше дека е исцрпен дневниот ред за 442-та седница на Советот и дека истата е завршена во 13:20 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Сашко Георгиев

**Изработил:** Ален Раденковиќ
**Одобрил**: Весна Толева